

# Митови и легенди

И Сонцето е ѕвезда · Македонија во ЕУ
The Sun, too, is a star · Macedonia in the EU

**Наслов на публикацијата:**
Митови и легенди
**Издавач:**
Секретаријат за европски прашања
**Адаптација за печат:**
МагнаСкен
**ISBN:**
978-9989-182-19-8
**Тираж:**
2000
CIP-Каталогизација во публикацијата
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје
340.136(4-672ЕУ)(02.062)
Митови и легенди – Скопје: Секретаријат за европски прашања,
Влада на РМ, 2008 - 60 стр.; илустр.; 21цм

British Embassy
Skopje

Оваа публикација/прирачник е овозможена со поддршка од Британската амбасада, во рамките на проектот „Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции" Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада.

The British Embassy in Skopje supported the publication of this handout. However, the content of this publication does not necessarily reflect the position or the opinions of the British Embassy

Проект „Градење на административни капацитети за ЕУ интеграции”, поддржан од фондот СПФРЕ (ГОФРЕ)

Влада на Република Македонија
Секретаријат за европски прашања

# Митови и легенди за Европската унија

Скопје, 2009 година


Попуст 100 %
70 ден.

# Малите праски нема да можат да се продаваат

Ваквата мерка особено би ги погодила производителите на органски праски. Но дали е навистина така?

Праските произведени на органски начин вообичаено се помали од оние што се произведуваат на класичен начин. Но, производството на органски праски нема да запре и уште повеќе тенденцијата на ЕУ е да го поддржува органскиот начин на производство.

За органската храна во Македонија постои национална легислатива, усогласена со стандардите на ЕУ.

Единствено оние праски, коишто се небезбедни за исхрана (вообичаено тие се ситни и незрели), треба да останат надвор од пазарите. И досега македонските закони налагаа производство и продажба на исклучиво здрави производи за исхрана, а влезот во Унијата, секако, значи и зајакнати стандарди за квалитетот на храната, со цел зголемување на квалитетот на животот за жителите на големото европско семејство.


ДАНОК
——%

# Посебен данок за
# секоја мобилна и фиксна телефонска линија

Влезот во Европската унија не наметнува данок од ваков карактер.
ЕУ воопшто не планира да воведува ваков или сличен данок. Пред извесно време Европската комисија направи истражување во врска со изнаоѓањето на нови извори за заедничкиот буџет. Беше заклучено дека ваквиот вид на данок не е потребен и дека сегашните извори на заедничкиот буџет се доволни.



# Мртвите животни мораат да се изгорат пред да бидат закопани

Ова е извртување на фактите. Европската унија, во „Директивата за животински отпад“, наведува т.н. „случаи на висок ризик “, односно дека само животните со опасни болести мора да бидат изгорени за да бидат отстранети патогените организми, а потоа и закопани.

Ова е така бидејќи не така одамна, во некои од земјите-членки се појавија сериозни болести кај животните, како што се: кравјото лудило, птичјиот грип и слично. Доколку мртвите животни, заразени од опасни болести, не би биле соодветно третирани пред нивното закопување, постои реална опасност вирусите што се наоѓаат во нив повторно да заразат други животни, но исто така и  човеково тело.



# Биењето на црковните камбани и пеењето на оџите ќе биде забрането

Времата е една од категориите коишто на сите граѓани им пречи, повеќе или помалку, во овој или оној период од денот. Поради тоа, во Унијата има ригорозни прописи за заштита од бучава.

Но, под терминот бучава Унијата не ги подразбира и верските потреби на граѓаните. Првенствено тука доаѓа бучавата од автомобилите, разните градежни машини како и бучавата на којашто се изложени работниците на работните места.

Извршувањето на верските обреди не само што не е забрането туку и во самите темелни вредности на Унијата се наоѓаат верските права и слободи, како дел од човековите права и слободи.


Ola!
Morning!

# Македонскиот јазик ќе губи од своето значење за сметка на англискиот и на јазиците на поголемите држави

Токму обратно. Секоја земја-членка на Унијата има право на употреба на својот јазик и тоа на ниво на официјален јазик во Унијата, кој може да биде користен и пред ЕУ институциите.

И покрај тоа што најголемиот дел од населението во Европската унија зборува на англиски, на француски, италијански, на германски и на шпански јазик, јазиците на помалите народи во неа воопшто не се запоставени. Употребата на еден од горенаведените јазици е поради бројноста на населението чијшто мајчин јазик е еден од горенаведените јазици. Преку влезот во Унијата, јазиците на помалите народи добиваат уште едно меѓународно признание и шанса за зголемена интернационална употреба.

Унијата е богатство на различни култури и токму почитувањето на разликите на народите е една од нејзините темелни вредности, но и на секое современо демократско општество.

Сите документи што имаат статус на официјални документи во Унијата мораат да се преведат на нејзините официјални јазици, кои во моментов ги има 23.



# Наплив на мигранти од посиромашните држави од Азија и од Африка

Македонските закони го признаваат правото на државјанство по 8 години живеење во Македонија. Тоа е во согласност со стандардите на Европската унија.

Од друга страна, пак шенген системот, кој е заеднички визен систем и систем за контрола на надворешните граници на земјите-членки на системот, сериозно ги намалува шансите за нелегална имиграција.

Исто така, секоја земја-членка на Европската унија, која е членка и на шенген системот, го задржува правото да наметне и поригорозен режим кон одредени држави надвор од Унијата.

Во секој случај, македонската држава ќе ги третира еднакво сите државјани, без оглед на нивната политичка, етничка, религиозна или расна припадност.


$?
170

# Полоши трговски односи со САД

И покрај тоа што во минатото бевме сведоци на различни позиции во однос на некои отворени трговски прашања, меѓу САД и ЕУ се одвива 40% од светската трговија или со други зборови - најголемиот дел од неа. Ова значи дека двата партнера имаат одлични трговски односи коишто како поради пријателскиот однос, така и поради економската логика, и понатаму се развиваат со силно темпо. Новите земји-членки се обврзани да ги прифатат актуелните трговски договори, а наедно, сите земји-членки на ЕУ и САД се и членки на Светската трговска организација, која е најголем регулатор на светските трговски односи.

Влезот на Македонија во Европската унија ќе овозможи не само поголеми шанси за развој на трговијата со САД туку и поголеми шанси за инвестиции на компаниите од САД во Македонија.


АЈВАР
3000

# Крај за традиционалниот начин на производство на ајвар

Една од препознатливите карактеристики на Европската унија е нејзината огромна и ригорозна грижа за квалитетот на прехранбените производи. Во Македонија веќе постојат квалитетни правилници за хигиената на прехранбените производи. Ваквите прописи се однесуваат и на ајварот. Сепак, овие правилници повеќе се однесуваат на ајварот што се произведува индустриски и е наменет за малопродажбата во Македонија и надвор од неа. Индивидуалното производство на ајварот којшто останува на домашните трпези, нема да биде подложен на контрола од страна на националното тело. Но оној ајвар што е произведен во домашни услови, а потоа завршил на зелените пазари, ќе треба да биде повлечен од продажба. Доколку сакате да произведувате ајвар за малопродажба, тогаш ќе морате да имате регистрирано фирма и да ги подмирите давачките кон државата.



# Колењето на домашни животни ќе биде забрането

Дали граѓаните на Унијата толку лесно ќе се откажат од свинското месо? Се разбира, не.
Европската унија го забранува несоодветното колење на животни. Тоа значи дека животните мораат да бидат заклани на место коешто ги има соодветните хигиенски услови за тоа.
Животните, иако немаат разум, тие, сепак, чувствуваат болка. Поради тоа, прописот на Унијата предвидува, пред секое колење, животното најпрво да биде зашеметено, а дури потоа заклано.
Традиционалниот начин на колење на животни ќе биде ист. Едноставно, практиката на колење во несоодветни услови ќе треба да биде променета и тоа и за доброто на производителот и за доброто на купувачот.



# До работно место со задолжителен формат на лична биографија на ЕУ

Како му е на работодавецот, којшто огласува атрактивно работно место и добива купишта лични биографии во различен формат, па дури и во различни бои и големини?
Оние што побарале работа во институција на Европската унија, веројатно прочитале дека се препорачува испраќање на лична биографија во стандардизиран формат на Унијата. Постојат повеќе видови на менаџерски, експертски, академски и слични формати на лични биографии, коишто се користат од страна на различните профили на кадри.
Но сепак, преку стандардизираниот формат работодавачот лесно ќе може да ги спореди квалификациите на кандидатите од различни држави, со различни или навидум различни видови образование и работно искуство.
Тоа ја поттикнува мобилноста на работната сила и еднаквите шанси за вработување во Унијата. Сепак, немањето на ваква стандардизирана лична биографија не значи дека кандидатот нема воопшто шанси за влез на работното место.
Квалификациите ја сочинуваат биографијата, а не обратно.



# Ригорозни правила за употреба на пестициди при производството на јаболка

Прекумерната употреба на пестициди е многу штетна за здравјето на луѓето и за животната средина. Поради тоа, Унијата настојува да ја намали употребата на пестициди колку што е можно, промовирајќи ги т.н. „добри земјоделски практики“. Во секој случај, по влезот во Европската унија, секако дека ќе можат да се произведуваат нормално традиционални и вкусни домашни видови овошје и зеленчук, само што во еден дел одомаќинетите начини на производство ќе мораат да претрпат измени со прифаќањето на овие добри земјоделски практики.

И нашата законска регулатива пропишува колкаво ниво на пестициди е дозволено да се употребува во определен временски период и кои пестициди се дозволени.

За сметка на ова ќе добиеме поквалитетна исхрана како и поголеми шанси за извоз на нашиот земјоделски производ на трпезите на Европската унија.



## Кандидатите за возачка дозвола, коишто го положиле тестот, ќе мораат да чекаат пет години за практичниот дел од испитот

Црната статистика на Европската унија вели дека на годишно ниво има и до 45 000 настрадани во сообраќајни несреќи. Впрочем, статистиката, исто така, вели и дека најголемиот дел од тешките сообраќајни несреќи ги прават токму возачи со над десетгодишно искуство.

Европската комисија бараше начин како оваа бројка да биде намалена. Експертите ангажирани од страна на Европската унија оцениле дека доколку им се даде поголем рок на кадидатите за возачи во врска со усовршувањето на практичниот дел од испитот, постои реална можност бројот на сообраќајни несреќи да биде намален.

Но сепак тоа не значи дека Европската комисија ќе го прифати ваквиот предлог, ниту дека во блиска иднина владите на земјите-членки на Унијата ќе бидат обврзани на ваквата мерка. Како и да е, безбедноста во сообраќајот е важна работа и таму секогаш ќе има место за подобрувања.


ASPIRIN
ALERGIKUS
EST SUM!
S.P.Q.R

# Ќе морате да знаете латински за да ги прочитате состојките на козметичките производи

Алергични на состојките во козметичките препарати внимавајте! Европската унија планира да воведе единствен начин на бележење на состојките на козметичките производи – и тоа на латински. Доколку козметичкиот производ содржи супстанци што можат да предизвикаат алергија, тогаш купувачот нема да може да се информира за ваквата опасност. Класична невистина.

Точно е дека во Европската унија постои иницијатива за единствено обележување на состојките од кои се прават козметичките производи и тоа на латински. Целта на ваквиот начин е да се олесни изборот на купувачите без разлика во која држава од Унијата купуваат, затоа што состојките ќе бидат напишани на идентична терминологија.

Овој начин на обележување на производите не го спречува производителот да додаде и дополнителен превод на еден или на повеќе јазици, што честопати е случај.



# Доживотните казни затвор за криминалците нема да можат да се изрекуваат

Во моментов во Македонија, согласно со член 35 од Кривичниот законик, највисоката казна е 15 години затвор, но во исклучителни случаи може да се изрече и казна доживотен затвор и тоа за тешки форми на дела за коишто е пропишана казна затвор од 15 години. Ова е направено со цел да се остави можност за казнување според тежината на определен криминален акт.

Сепак, Европската унија, во моментов, ниту има намера, ниту има правен механизам за да наложи укинување на доживотната казна затвор кај земјите-членки. Ова прашање влегува во делот на „Заедничката политика на правда и внатрешни работи“ (Justice and Home Affairs- JHA). Така што најверојатно во блиска иднина казната-доживотен затвор ќе остане во сила во Европската унија, а со тоа и во Македонија.



# Употребата на трактори ќе биде дозволена само во определени временски интервали и тоа не повеќе од три часа дневно

Во согласност со „Директивата за заштита на работниците од бучава“ на Унијата, се предвидуваат мерки за заштита на работниците што работат во окружување, кое може штетно да влијае врз нивното здравје и се изложени на силна бучава.

Одредби од оваа област се содржани и во „Директивата за нивото на бучава кое го чувствуваат работниците што користат земјоделски и шумски трактори“.

Но, не е точно дека тракторите ќе можат да се употребуваат само три часа на ден. Употребата на тракторите е ограничена на седум часа на ден. Кога размислуваат за ова прашање, работодавците, коишто имаат вработени трактористи, треба да се прашаат дали е поефтино за нив да го ограничат времето на употреба на тракторите, или пак да плаќаат отштети за нарушеното здравје на работниците.

Но, оваа Директива се однесува само на трактористите што се вработени кај работодавци. Оние трактористи што важат за самовработени, односно се индивидуални земјоделци, немаат обврска да се придржуваат кон ова правило, бидејќи Директивата не ги опфаќа нив.



# Европската унија троши премногу пари на неефективни проекти во рамките на заштитата на животната средина

Ваквите оценки често пати се носат врз основа на паушални проценки, коишто обично се базираат на неколку селективно избрани проекти со послаби резултати.

Проектните резултати, исто како и резултатите на многу други бизнис или владини проекти, можат да бидат повеќе или помалку успешни. Тоа, само по себе, не значи и преголемо трошење на средства на даночните обврзници.

Доколку не постојат проекти за заштита на животната средина, а мотивацијата на бизнис секторот останува на пониско ниво од очекуваното, тогаш навистина шансите за опстанок на многу ретки животински и растителни видови би биле помали. Освен тоа, придобивките од заштитата на водите, домашни и меѓународни, како и превенцијата од загадувањето со опасни хемикалии, многу тешко може да биде квантифицирано со бројки.



# Забрана за производство на домашно сирење

Сирењето е еден од препознатливите македонски производи. Дали високите стандарди за квалитет на Европската унија ќе поставаат непремостливи бариери за македонските производители? Се разбира дека ова не е точно. Но, точно е дека сирењето не смее да се произведува од непастеризирано млеко. Тоа е стандард за заштита од производство на сирење коешто би можело да стане опасно за здравјето.

Нашето квалитетно сирење и понатаму ќе се произведува со нови можности за извоз на пазарот на Европската унија, но ќе мора да се почитуваат минимум хигиенските стандарди за производство на сирењето и на останатите млечни производи.



# Водометрите ќе бидат стандардизирани насекаде и ќе се плаќа унифцирана цена на водата

Од сите сметки што се плаќаат во нашата држава, за вода се плаќа најмалку иако без неа неможе да се опстане. Сепак, во економијата важат законитостите на понуда и на побарувачка.

Европската унија ниту имала, ниту пак има некои планови да воведе униформна цена за користењето вода. Уште повеќе што во државите од Европската унија, како и во Македонија, наплатата на потрошената вода и формирањето на цената им е препуштена на локалните власти, коишто се надлежни за обезбедување на квалитетна вода и за ефективна и редовна наплата. Друга важна карактеристика на добрите менаџмент практики во снабдувањето со вода во рамките на Европската унија е минимизирањето на можностите за загуба на вода низ водоводните цевки. Ова опфаќа нивна замена што бара сериозни инфраструктурни инвестиции.


DENT

# Поради штетноста за забите, препаратите за белење ќе бидат отстранети од употреба

Желбата за кристално бели заби како на филмските ѕвезди нема да може да се оствари бидејќи овие препарати, коишто припаѓаат во групата на козметички производи, по влезот во Европската унија ќе бидат повлечени од продажба.

Но ова не е точно. Како мотив за ваквите стравувања послужиле сомнежите дека супстанцата што ја содржат производите за белење на заби –хидроген пероксид, доколку е содржана повеќе од 0,1% во производот, е штетна за здравјето на корисникот. Напротив, се заклучило дека оваа супстанца и кога ја има повеќе од 0,1%, (вообичаено најмногу до 6%), не влијае негативно врз здравјето на корисникот. Исто така средствата за белење, насекаде во Унијата, се употребуваат согласно со контролата на стоматолозите. Така што и сега и по влезот во Европската унија забите ќе можат да бидат бели без притоа да стравуваме дека хидроген пероксидот ќе предизвика компликации.



# Забрана за витаминските таблети

Во рамките на Европската унија се појавија шпекулации дека ќе се повлечат витаминските пилули како штетни од продавниците ширум Унијата. Ова се базираше на „Директивата за приближување на законодавствата во врска со додатоците на храната“.

Но, со Директивата, Унијата нема интенција да ги забрани хранливите таблети, туку да стимулира објективно информирање во врска со хранливите состојки и да ја спречи неправилната употреба. Оттаму, корисниците мораат да бидат точно и прецизно информирани за составот на таблетите, кои ризици постојат од употребата на ваквите таблети, како и тоа дека таблетите мораат да се користат единствено како дополнување на исхраната, а не како единствена исхрана.



# Кривите банани нема да можат да се увезуваат и да се употребуваат

Ова е целосно неточно. Унијата има прецизно утврдени стандарди за квалитетот на земјоделските производи. Од друга страна, бананите се класифицирани според квалитетот и големината не само во Унијата, туку и во рамките на меѓународната трговија. Но, тоа воопшто не го забранува увозот или употребата на банани, туку ги класифицира видовите на банани.

Поради тоа, не треба да сметаме дека ќе се забрани увозот на банани туку дека тие ќе бидат со пропишан квалитет каков што заслужува да го добие европскиот потрошувач.



# Домашната ракија нема да може да се произведува

Не е точно дека по влезот на Македонија во ЕУ нема да може да се произведува нашата ракија.
Вистинскиот проблем е во тоа што ЕУ не дозволува пијалоците со висок процент на етил алкохол да не бидат оданочени и тоа акцизно, а исто така има и барање да се организира нивно легално производство. Наедно, таа бара засилена контрола за тоа кој и како произведува производи што содржат какво било количество на алкохол.
Ракијата, како национален пијалак е вметната во националните емоции и на производителите но и на потрошувачите и на купувачите. Но, тоа не е случај само со македонската ракија. Тоа е случај и со францускиот рум, грчкото узо, „бугарската" мастика, некои видови на португалски ликери, италијански и дански пијалаци итн.
Сиве овие пијалаци се ослободени од плаќање на официјалните акцизни стапки за етил алкохол над 40%. Ослободувањето не е целосно, туку повторно мора да се плати акциза (за малите производители може и паушална стапка), која што не смее да биде помала од просечната акцизна стапка. Тоа за македонските услови би било мошне задоволителна поволност.
Според нашиот сегашен „Закон за акцизите", за мали производители на етил алкохол се сметаат оние што произведуваат помалку од 2 хектолитри алкохол годишно и тоа за свои потреби. За да платите акциза мора да вршите промет со алкохолот што сте го произвеле, т.е. да се обидете да го продадете. Но за да произведувате на пазарот не само алкохол туку и за многу други производи, потребно е да имате неколку различни типови дозволи.
Затоа одомаќените практики кај производителите на ракија ќе мораат да претрпат измени. Тие ќе мораат да се регистрираат, да добијат дозволи за работа од страна на санитарните органи и оние за контрола на храна, како и да подлежат на контрола на санитарната, на здравствената инспекција, како и на управата за јавни приходи.



# Европската унија ќе ја регулира употребата на уличното осветлување на единствен начин

Унијата нема некаква регулатива или правила во врска со уличното осветлување. Исто така за ова прашање нема ниту некакви необврзувачки документи ниту пак соодветни насоки. Уличното осветлување останува во надлежност на градските власти.



и сонцето е
sвезда